MQS
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-1129/0

Република Северна Македонија
**Министерство за социјална политика, демографија и млади**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve**

- Сектор млади –

**Архивски број:** 08-6069/1
**Датум:**
01-09-2026

ЈАВЕН ПОВИК

ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ВТОРАТА НАЦИОНАЛНА МЛАДИНСКА ЛЕТНА ШКОЛА

Министерството за социјална политика, демографија и млади, во соработка со Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ) и Регионалната канцеларија за младинска соработка (РИКО) објавува повик за пријавување на второто издание на Национална младинска летна школа.
Повикот е наменет за млади од Северна Македонија кои се на возраст од 15 до 29 години.

Националната младинска летна школа ќе се одржи од 14.09.2026 до 18.09.2026 година во Дојран. Приближно 60 млади луѓе ќе имаат можност да се вклучат во младинската летна школа која што претставува платформа за зајакнување на младите како агенти за промени, кои преку интерактивни методи на работа ќе имаат можност да се запознаат и дружат со врсници од целата земја и да се стекнат со нови вештини поврзани со личен развој, интерперсонални односи и тимска работа.

Летната школа ќе се заснова на пристапот „Спорт за развој“, користејќи го спортот како педагошка алатка за промовирање на младинската едукација, вештини за вработување и личен развој на учесниците.

**Работни јазици на летната школа се македонскиот и албанскиот.**
**Превозот, сместувањето и оброците за учесници се целосно покриени од организаторите.**

Министерството за социјална политика, демографија и млади ги охрабрува сите заинтересирани млади луѓе на возраст од 15 – 29 години да се пријават за учество на летната младинска школа со пополнување на формуларот. (линк)

Јавниот повик за пријавување на учесници ќе трае од 01.09.2026 до 06.09.2026 година.


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија

Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

Rr. "Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

- Сектор млади –

Пополнетите пријави треба да се доставаат до архивата на Министерството за социјална политика, демографија и млади (адреса: **ул. Даме Груев, број 14, 1000 Скопје**) со назнака СЕКТОР МЛАДИ или по електронски пат на е-маил: Katerina.Dimkovska@mtsp.gov.mk

За дополнителни информации можете да се обратите на:
Е-маил: puleksenija.jovanoska@mtsp.gov.mk

**Селекцијата на учесници ќе се основа на пријавата и изразената мотивација. Притоа ќе се применуваат и следат начелата на различност, еднаквост и недискриминација.**

Оваа активност е во согласност со Националната стратегија за млади 2023-2027, односно како дел од планираните активности на МСПДМ за 2026 година.

Со почит,

**Министер**
**Ѓоко Велковски**

Изработил: Наим Ињази-помлад соработник
Контролирал: Милица Коцевска-Раководител на одделение
Одобрил: Милица Коцевска- По овластување бр. 03-5953/1
Согласен: Елеонора Јовановиќ


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinive e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
Rr. "Dame Gruev" nr. 14, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk